Врз основа член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 154 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18) и Закон за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Северна Македонија” број 110/19), член 82 од Колективниот договор за државните, правосудните и органите на локалната самоуправа на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/05, 106/08 и 28/09), член 34 на Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/08 и 85/09), а во согласност со член 15 став 1 алинеја 8 и член 39 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-5508/11 од 25.12.2019 година, се изготви Пречистен текст на Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Пречистениот текст на Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ги опфаќа: Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1540/1 од 27.02.2015 година и Правилникот бр.01-5643/1 од 30.12.2019 година за изменување и дополнување на Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1540/1 од 27.02.2015 година.

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО СТРУЧНАТА СЛУЖБА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
**(Пречистен текст)**

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се уредуваат правата и обврските на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) за стручно усовршување, како и формите, динамиката и условите под кои тоа може да се реализира.

Член 2

Стручното усовршување на вработените во Стручната служба на Агенцијата е во функција на создавање услови за поуспешно и поквалитетно извршување на работите и работните задачи кои согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, спаѓаат во делокругот на надлежности на Агенцијата, како и одржување, односно унапредување на способноста на вработениот за работа на работното место на кое е распореден.

Стручното усовршување може да се реализира по иницијатива на работникот или неговиот раководител, како и по повод доставена покана од организатор, која покана задолжително се доставува преку архивата на Агенцијата до Директорот на Агенцијата.

Член 3

Со цел да се помогне во развојот на човечките ресурси и да се обезбеди системски приод во планирањето и спроведувањето на формите на стручното усовршување на вработените во Стручната служба на Агенцијата, како и да се овозможи планирање на финансиските средства за реализација на истото, Директорот на Агенцијата донесува Годишен план за обуки во тековната година за наредната година, врз основа на проценка на потребите и искажаните интереси на вработените.

Годишниот план за обуки на Агенцијата ги обединува поединечните планови за обуки на организационите единици (секторите и службите) во Стручната служба на Агенцијата.

## II. Форми на стручно усовршување

Член 4

Стручното усовршување се остварува преку следните форми:

- обуки, курсеви и стручни испити (обуки и курсеви за континуирана едукација, правосуден испит, испит за овластен ревизор и друг вид стручни испити) и други форми на стручно усовршување кои се потребни за вршење на одреден вид работни задачи или кои се изрично пропишани во закон/подзаконски акт како задолжителни, за кои се плаќа надоместок за учество, во рамките на кои е предвидено полагање испит и/или здобивање со сертификат, потврда, уверение и слично,
- последипломски студии и
- докторски студии.

Член 5

Последипломските студии и докторските студии потребно е да обработуваат и да истражуваат теми од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги во целина, од областа на правото, економијата, електронските комуникации, информатиката, комуникологијата, културата и новинарството, менаџментот, односите со јавност и др., кои ќе придонесат за зголемување на перформансите и успешноста на Агенцијата во целост и други слични области што се од значење за остварување на надлежностите на Агенцијата.

## III. Финансирање на стручното усовршување

Член 6

Стручното усовршување на вработените во Стручната служба на Агенцијата се финансира од средствата предвидени за таа намена во Финанскиот план на Агенцијата за тековната година.

Член 7

Стручното усовршување на вработените во Стручната служба на Агенцијата може да се финансира и делумно од средства кои ќе му се одобрат на вработениот од страна на Агенцијата и делумно од други извори на средства (лични средства, средства од спонзорства, донации и сл.).

Како спонзор или донатор не може да се појави субјект над чие работење Агенцијата врши надзор.

## IV. Услови под кои се одобруваат средствата за стручно усовршување

Член 8

Средствата за стручно усовршување преку формите од член 4 од овој Правилник, се одобруваат врз основа на детално образложено барање поднесено од вработениот во Стручната служба на Агенцијата до Директорот на Агенцијата, кое барање претходно треба да биде одобрено од неговиот непосреден раководител односно од страна на Директорот на Агенцијата кога барањето го поднесува раководител на сектор/служба. Потоа, барањето се доставува до организационата единица надлежна за управување со човечките ресурси, со цел давање мислење од аспект на неговата усогласеност со одредбите од овој Правилник.

За барањата за стручно усовршување преку формите од член 4 од овој Правилник мислење дава и Секторот за финансии и логистика, односно врши проверка дали се предвидени финансиски средства за таа намена и доколку не се обезбедени дали постои можност истите да бидат обезбедени.

Барањето од ставот 1 на овој член треба особено да ги содржи следните податоци за стручното усовршување:

- опис (начин/форма на реализирање);
- поврзаноста со работните должности и вршењето на работи и работни задачи во Агенцијата;
- придобивките за вработениот и за Агенцијата;
- дали вработениот ќе се здобие со сертификат, потврда, уверение и слично;
- времетраење (датум на отпочнување и завршување, динамика, часови на траење);
- дали е предвидено полагање испит, податок за рокот за негово полагање и условите за полагање на испитот согласно соодветната програма (во случај да е предвиден);
- местото на одржување;
- потребните финансиски средства (точен износ на средства) за реализација, динамиката и начинот на плаќање, трансакциона сметка на која треба да се изврши уплатата, други неопходни и прецизни податоци од значење за реализација на исплатата на средствата, и
- други податоци во насока на образложение на барањето.

Барањето од ставот 1 на овој член се поднесува преку архивата на Агенцијата.

Член 9

За да може позитивно да се одговори на поднесеното барање од член 8 на овој Правилник, потребно е вработениот да ги исполни следните услови:

1. стручното усовршување да е во функција на унапредување на способноста на вработениот во Агенцијата, и
2. да е во редовен работен однос во Агенцијата, и тоа;

- најмалку 1 (една) година, за барање за одобрување средства во износ до 500 евра во денарска противвредност;
- најмалку 2 (две) години за барање за одобрување средства во износ од 501 евро во денарска противвредност до 1000 евра во денарска противвредност;
- најмалку 3 (три) години за барање за одобрување средства во износ од 1001 евро во денарска противвредност до 2000 евра во денарска противвредност;
- најмалку 4 (четири) години за барање за одобрување средства во износ од 2001 евро во денарска противвредност до 3000 евра во денарска противвредност;
- најмалку 5 (пет) години за барање за одобрување средства во износ од 3001 евро во денарска противвредност до 4000 евра во денарска противвредност;
- најмалку 6 (шест) години за барање за одобрување средства во износ од 4001 евро во денарска противвредност до 5000 евра во денарска противвредност, и
- најмалку 7 (седум) години за барање за одобрување средства во износ од над 5001 евро во денарска противвредност.

## V. Постапка за одобрување на средствата за стручно усовршување

### V.1. Со одобрување од Директорот на Агенцијата

Член 10

По барањето за одобрување средства за стручно усовршување одлучува Директорот на Агенцијата, без одобрение од Советот на Агенцијата, во следните случаи и тоа:

- ако барањето се однесува за стручно усовршување преку кое вработениот се стекнува со сертификати, потврди, уверенија и слично, кои се неопходни за вршење на работните задачи на работното место на кое е распореден (потврда за положен испит за лице за јавни набавки, потврда за положен испит за овластен ревизор, уверение за овластен сметководител и слично) или чие поседување е изрично пропишано со закон, и
- ако износот на средствата за стручно усовршување изнесува до 500 евра во денарска противвредност.

Во случај Директорот на Агенцијата да не го прифати барањето од став 1 на овој член, за истото ќе го извести вработениот кој го поднел барањето.

### V.2. Со одобрување од Советот на Агенцијата

Член 11

По барањето за одобрување средства за стручно усовршување, ако износот на потребните средства надминува 500 евра во денарска противвредност, одлучува Директорот на Агенцијата, по претходно одобрение од Советот на Агенцијата.

Барањето за одобрување средства за стручно усовршување чиј износ надминува 500 евра во денарска противвредност, се поднесува до Директорот на Агенцијата, по повод кое барање Директорот доставува предлог до Советот на Агенцијата да даде, одобрување за донесување одлука од негова страна.

Во случај Советот на Агенцијата да не го прифати предлогот од став 2 на овој член, донесува заклучок со кој го одбива истиот.

Доколку Советот на Агенцијата го прифати предлогот од Директорот и го одобри барањето за одобрување средства, Директорот донесува одлука за одобрување на средствата.

Во случај стручното усовршување преку формите од член 4 на овој Правилник, за кое се бара одобрување, да не е предвидено со Годишниот план за обука на Агенцијата, со Одлуката од претходниот став се менува Годишниот план за обука на Агенцијата.

## VI. Права и обврски на вработените и на Агенцијата во врска со одобрените средства за стручно усовршување

Член 12

Меѓусебните права и обврски во врска со одобрените средства за стручно усовршување, чиј износ надминува 500 евра во денарска противвредност, поблиску ќе се уредат со писмен договор кој ќе се склучи меѓу Агенцијата и вработениот – корисник на средствата, а согласно одредбите од овој Правилник.

Член 13

Вработениот на кој ќе му се одобрат и исплатат средства за формите на стручно усовршување од член 4 на овој Правилник, во зависност од висината на исплатените средства, е должен да остане во работен однос во Агенцијата по завршување на стручното усовршување, и тоа:

- 6 (шест) месеци за исплатен износ од 501 евро во денарска противвредност до 1000 евра во денарска противвредност;
- 1 (една) година за исплатен износ од 1001 евро во денарска противвредност до 2000 евра во денарска противвредност;
- 2 (две) години за исплатен износ од 2001 евро во денарска противвредност до 3500 евра во денарска противвредност;
- 3 (три) години за исплатен износ од 3501 евро во денарска противвредност до 5000 евра во денарска противвредност; и
- 4 (четири) години за исплатен износ над 5001 евро во денарска противвредност.

Доколку работниот однос на вработениот на кој му се одобрени и исплатени средства за формите на стручно усовршување од член 4 на овој Правилник, во меѓувреме престане по барање на вработениот или по негова вина, пред истекот на временскиот период определен во ставот 1 од овој член, вработениот е должен да го врати одобрениот и исплатен износ на средства за неговото стручно усовршување со законска камата согласно позитивните законски прописи, сметано од датумот на исплата на средствата за стручно усовршување.

Член 14

Вработениот на кој ќе му се одобрат и исплатат средства за формите на стручно усовршување од член 4 став 1 алинеја 1 на овој Правилник, е должен за завршеното стручно усовршување, преку архивата на Агенцијата, до организационата единица надлежна за човечките ресурси, да го достави сертификатот, уверението, потврдата и слично, кој му е издаден.

Член 15

Вработениот на кој ќе му се одобрат и исплатат средства за формите на стручно усовршување од член 4 став 1 алинеи 2 и 3 на овој Правилник, е должен:

- во рок од 4 (четири) години да ги заврши последипломските (магистерски) студии односно во рок од 6 (шест) години да ги заврши докторските студии;
- да остане во работен однос во Агенцијата согласно роковите утврдени во член 13 од овој Правилник;
- да предаде во Агенцијата најмалку 1 (еден) примерок од изработениот труд (магистерски или докторски труд) и
- во случај да не ги заврши последипломските студии односно докторските студии во рокот пропишан во алинејата 1 на овој член, и/или не остане во работен однос во Агенцијата во роковите утврдени во член 13 од овој Правилник, да го врати на Агенцијата одобрениот и исплатен износ со законска камата согласно позитивните законски прописи, сметано од денот на исплатата на средствата за последипломските, односно докторските студии.

Роковите наведени во став 1 алинеја 1 на овој член, започнуваат да течат од денот на запишувањето на последипломските, односно докторските студии за кои се одобрени и исплатени финансиски средства од Агенцијата.

Член 16

По исклучок, во особено оправдани случаи (виша сила, болест, смрт, организациски вишок, професионална неспособност за работа или инвалидност), Советот може да одобри Директорот на Агенцијата да донесе одлука со која ќе го ослободи вработениот делумно или во целост од обврската за враќање на одобрените средства за стручно усовршување.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

(Член 15 од Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1540/1 од 27.02.2015 година)

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласната табла во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Член 18

(Член 16 од Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1540/1 од 27.02.2015 година)

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Советот на радиодифузија на РМ бр.01-3212/1 од 17.09.2009 година.

Член 19

(Член 22 од Правилникот бр.01-5643/1 од 30.12.2019 година за изменување и дополнување на Правилникот за стручно усовршување, дообразување и специјализација на вработените во Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1540/1 од 27.02.2015 година)

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр. 01-496/1**

**05.02.2020 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**